ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

**06.09.2012 год.**
**С К О П Ј Е**

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Откако ФЗОМ ги дополни електронските контроли за рецепти со контролата за датум на рецепти за лекови пропишани за хронична терапија, извршени се детални анализи на настанатите грешки од овој карактер, кои се повторуваат. Со цел за понатамошно избегнување на грешките од овој вид, Ви ги презентираме најчесто појавените грешки:

1. Пополнет датум на важност(поле број 45 од техничкото упатство од фајлот за рецепти) кај рецепти пропишани за акутна терапија (вид на рецепт 2). Полето за датум на важност се пополнува само за хронична терапија (вид на рецепт 3). Полето за вид на рецепт од техничкото упатство за рецепти е поле број 44.

2. Рецепти од вид 3 (хронична терапија), се внесени со датум на важност 0000000000. Полето датум на важност задолжително се пополнува кај рецепти од вид 3.

3. Реализиран рецепт(поле број 18 од техничкото упатство од фајлот за рецепти) после истек на 30тиот ден од датум на важност од(поле број 45 од техничкото упатство од фајлот за рецепти). Најчесто појавувана грешка е 31виот ден. Поконкретно, доколку важноста е од 01.07.2012, реализиран треба да е најдоцна на 30.07.2012.

4. “Датумот на важност од” за хронична терапија(поле 45 од техничкото упатство од фајлот за рецепти) е помал од датумот на пропишување на рецептот. Датум на реализирање, т.е. издавање на лекот (поле 18 од техничкото упатство од фајлот за рецепти) и датум на пропишување(поле број 14 од техничкото упатство од фајлот за рецепти) се два различни датуми, кои во случај кога рецептот се реализира во истиот ден кога е пропишан се поклопуваат. Во ниеден случај не може да е реализиран пред да е пропишан или пак да има “датум на важност од” кај хронична терапија кој е пред “датум на пропишување” на самиот рецепт.